Copyright за македонското издание: © Културна установа Блесок, 2011.
Copyright of the translation: © S. Fischer Foundation by order of TRADUKI
Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Наслов на оригиналот: Fadila Nura Haver “Kad umrem da se smijem”

Оваа книга е објавена со поддршка на ТРАДУКИ, мрежа за книжевност во која членуваат Министерството за европски и меѓународни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Федеративна Република Германија, Фондацијата за култура Про Хелвеција од Швајцарија, КултурКонтакт од Австрија, Гете институт, Словенечката агенција за книга и Фондацијата С. Фишер.

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
821.163.4(497.6)-32
НУРА ХАВЕР, Фадила
Кога ќе умрам да се смеам : раскази / Фадила Нура Хавер. Превод од босански: Катица Гароска Ацевска – Скопје : Блесок, 2011. – 220 стр. ; 17 см. (едиција Урбан флуид; кн. 12)
Превод на делото: Kad umrem da se smijem / Fadila Nura Haver.
Белешка за авторката: стр. 215
ISBN 978-9989-59-348-2
I. Nura Haver, Fadila види Нура Хавер, Фадила
COBISS.MK-ID 86887178

**Фадила Нура Хавер**

# КОГА ЌЕ УМРАМ ДА СЕ СМЕАМ

**• раскази •**

Превод од босански: **Катица Гароска Ацевска**

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2011

содржина


| | |
|---|---|
| Игра на дрвена нога | 7 |
| Змиско легло | 19 |
| Партизанот Чакрама | 25 |
| Седумте дебели тетки | 32 |
| Блуза од свилен конец | 53 |
| Мала школа | 68 |
| Спецификумот на циркусот на Кемура | 81 |
| Тима Јапонката | 126 |
| Сараевскиот дух | 140 |
| Чуден некој свет | 170 |
| Не плаче Намка за Јусуф | 174 |
| Коњи | 180 |
| Кога ќе умрам да се смеам | 187 |
| Тринаесетта приказна | 192 |
| На Бекир му се прикажало | 205 |
| Белешка за авторката | 215 |

## Игра на дрвена нога

### 1. Светец

Мојот роднина, седумнаесетгодишниот Али, прекрасно свиреше гитара. Речиси цела ноќ со свирка и песна го забавуваше народот на една роденденска прослава. В зори се обеси на јаболкницата во дворот, онака... одненадеж велат. До стеблото беше потпрена гитарата небаре проштално писмо.

Една моја тетка, пак, се напила есенција. Ја нашле покрај кадата во бањата.Ползела од дневната соба во потрага по вода. Таму, во одајата на подот, останало превртено пластично шишенце киселина, и чешелот, и огледалото и црвилото за усни на масата. Сакала да биде убава, пред сè.

Господ им го зел умот, велат.

Тажно е да кажам дека потекнувам од булук курви, алкохоличари, перверзни и опсесивно-компулзивни типови, суицидни ликови, патолошки лажговци и други психо-пато девијанти.

Срамота.

Особено, ми доаѓа в земја да пропаднам кога ќе го слушнам тој прекрасен поет, произлезен од совршениот животопис како, блазе си му, со леснотија својствена на совршените, го цитира народот: Од што умниот се срами, лудиот се гордее.

Да, навистина.

Мојот, таканаречен роднина, Ахмо, во младоста бил

бег, вистински. А подоцна, уште малку па алкохоличар. Така, еден пролетен ден во раните осумдесетти, ручаме ние во најдобриот ресторан во една провинциска чаршиичка, кога...

Се напнал Ахмо, па само што не прснал во смеа. Се смее тој така, се смее, рика од смеа. А мене непријатно – зашто јас сè уште тука живеам, а Ахмо одамна е во Сараево. Малкуте гости ѕиркаат под око и сеир гледаат. На Ахмо не му е гајле. Ќе дојде до здив, ќе шмркне половина дека вино, ќе шмркне небаре пие сок од ружа месечарка, па онака, на цел глас ќе викне:

– Види го Миладина, научил да јаде шницла со нож и со виљушка! Кога четириесет и шестата слезе од Озрен, не знаеше лажица во рака да држи.

Моќно, моќно.

Но, погубно.

*Ета њет харашо*, драги мој Ахмо! Животот не запира онаму каде што ни е најубаво. Миладин е мојот тогашен шеф. Та јас оттогаш, иако уште многу рано, научив да ракувам со есцајг, а јадам со прсти сè и сешто во секакви прилики и неприлики. За да има Миладин на што да се смее.

Драг мој, ако Господ сака, сè може да се научи.

Дури и она што отсекогаш си го знаел може да се научи, та никогаш повеќе да не го знаеш.

Сенешто има на дуњава.

На зајдисонце, чинам деведесет и осмата, шетам низ Сараево со Белкиша-анума, родена Сараевчанка, со завидно педигре, која и ден-денес поседува поголем фундус недвижен имот и уникатни уметнички предмети. Запревме





наспроти Катедралата и таму ми раскажа тажна приказна, но не за кучката и седумте мали кученца, туку многу, многу потажна.

Накусо, се работи за една позната лоза која го поседувала – ене она големоно куќиште, што им го одзеле комунистите, уште тогаш. Само уште еден од нив е жив, лутиот (а безбели лудиот) Латиф кој секој ден минува покрај – ене онаа куќа, одејќи со кантите в раце кон Мерхаметовата кујна за бесплатен оброк.

Долу комунисти!

Но некои трети слегле однекаде и им одзеле на првите и на вторите. И многу им е гајле за вашите виљушки и ножеви. Само мене никој ништо не ми одзел. Никој не се граба за моите курветини и будалетинки. Би, да нема секој свои. А сепак, сеедно, и покрај сè, и понатаму се срамам пред некои чудесни поети со извонреден талент, карактер и потекло.

Што е, е.

Ми доаѓа ќерката, пред околу една година, и ми вели загрижено:

– Повеќе ми се допаѓаат девојчиња. Изгледа ќе бидам лезба.

Don’t worry daughter – велам. Сите ние веќе сме биле тоа. Ти, кукло моја, ништо не мораш да бидеш. Слободно можеш да се срамиш од секој свој предок назад до деветто колено. А можеби и понатаму.

И си замина детето, весело како пеперутка. Големо олеснување е кога знаеш дека не мораш да бидеш лезба. А уште поубаво е да знаеш дека не мораш да бидеш све-

тец. Не мораш дури ни да пробаш.

Их!

Се сеќавам на таа приказна, или бајка. А најмногу ми наликува на басна. Забележана била во нашите краишта, пред околу двесте години.

Се заколнал волкот дека ништо веќе нема да коле и нема да јаде ничие месо, та се упатил кон пустината да се просветли. Одел тој така, одел смерно со сведната глава, преку гори, преку полиња, преку... Неисе... Преку сѐ. Кога, ете ти некое село и пред него пустелија и таму гуски. Оди така волкот, не крева глава, потонал во своите свети мисли. Ама, нема сине мајчин! Гусакот ороводец го протегнал вратот и грака ли грака, без престан.

Ете ти, што да се прави – скокнал волкот и заклал еден луд гусак. Безбели го изел. А во приказната не е како во животот. Таму не треба со години да чекате случајот да се процесира. Туку, цап! Клап! Суд. Судница.

Судијата:

– Господине волк, зошто го заклавте и го изедовте гусакот?

– Затоа! Зошто гука како светец?!

Да, драг мој.

Голема заблуда е дека ние сме миролубив народ. Никогаш не сме ни биле. Од такви јајца сме се испилиле. Наша трајна забава е меѓусебното ништење.

Мојот дедо (особено начитан виенски студент) полни триесет години се парничеше со првиот му сосед, за сѐ и сешто. Го прашуваат зошто, а тој вели – зашто во војната бил усташки доушник. Го одлежал своето, го потсетуваат.





Па што, вели тој. Секој ден мора да знае дека постои суд. Особено, тоа мора да го знаат неговите синови, во случај пак да има војна.

И умреа, и дедо и кодошот. Синовите на мојот дедо ја продаваат земјата, за ич пари, на оние другите синови. Па дојде и војна. Тогаш, еден од оние синови онаму си ја уби жената.

Како што вели песничката: Ги учел, ги учел, од среда до петок... И ги научил! И оние неговите... и овие своите.

Алал вера.

А верата ти е сѐ. Јас, да речеме, имам една роднина која извесно време беше убедена дека е Јованка. Поради рекреативен третман, кусо време гостуваше во установа за душевно здравје. Таму запознала прекрасен човек и многу се засакале. Ги обзело такво љубовно лудило што не се запрашале ниту за име. Вистина, него сите гости со посебен респект гоословувале со *друже генерале*... а таа, желна за негова почит, еднаш му рекла:

– Да ти се претставам: јас сум Јованка.

– Орлеанка? – прашал тој

– Не никако. Јас сум Јованка Броз.

Тој тогаш плукнал и извикал:

– Марш, курво! Нашиот Тито ти во гроб го однесе!

– Гледаш – ми вели таа – кој и да си, што и да си, секогаш ќе се најде некој серко да плукне на тебе. Болен човек! Барем да е вистински генерал! – Сосема си во право, драга Јованка – ѝ велам.

Конечно.

Зошто би го менувала идентитетот? Многу поедноставно е да го смениш дрвото на животот. Потребно е само да се одберат онакви предци од кои не би се посрамотил ниту еден Европеец. Секако, сите ние тежнееме кон тоа.

Велат дека некогашната холандска кралица Вилхелмина имала глисти. Сосема обични бели детски глисти.

Други пак раскажуваат како познатата курва Магда, од тогашниот бордел во Пешта, редовно издвојувала многу голема донација за сиропиталиштето во кое растела.

Трети раскажуваат како римскиот цар Веспазијан, нагалено викан Титус Флавиус Сабинус Веспасијанус, вовел данок на клозети. На приговорите на синот Тит, тој му подметнал пари под нос и го кажал она познатото: Не смрди!

Има и такви великани за кои е подобро да не ги следиме од приказните, туку неопходно е да се потпреме на пишаниот збор на дворскиот писар. Така Вук С.К. бележи за кнез Милош: „Некој луд Перо од Нахија пожешка, кој останал нем и налудничав, зашто од раѓање бил глув, и кого Милош, поради својата лична љубов кон лудите го водел со себе, во Пожаревац (во месец август 1829 година) го заболеле забите; тогаш Милош заповедал да го опијат со шпирт, та неговиот бербер со неколку момци на сила му ги извадил сите заби и затоа, кутриот, истиот ден умрел без да се отрезни“.

Море, бре!

Тоа се моите чесни, а пред сè славни предци. Холандската кралица Вилхелмина со глисти; курвата Магда од Пешта, дародајка; римскиот цар Веспазијан на кого ништо не му смрди; српскиот кнез Милош со особена љубов кон лудите!

Сега конечно и јас имам основа да бидам горда. И еве, се гордеам!

Нема потреба да го повикувам Исус кој би рекол: – Кој е безгрешен, удри!

Ниту пак ме засегаат Румиевите стихови: – Твоето покајание е полошо од твојот грев.

Ги имам своите прекрасни, совршени, свети предци.

Но добро.





## 2. Писател

Општо земено, не сме ние од вчера, а ако ме прашате мене, светот навистина е многу мал. Не зашто јас го гледам од мојот прозорец, туку првенствено зашто сум во состојба да се препознам во секој човек. Конечно, сите луѓе потекнуваат од еден маж и од една жена, зар не? Иако повеќето, па и јас, се соблазнувам од горката вистина за неизбежната инцестуозност на втората генерација.

Неможноста да се разјасни таа дилема на кој било друг начин е иста и кај оние кои веруваат дека човекот е дело на Господ, како и кај поклониците на симпатичната теорија за мајмунските предци.

Обидот сè да се објасни со случајност, кај овие другиве, шкрипи на местото наречено хромозоми. Тоа одамна го научивме: мајмунските предци имале 48 *y*-хромозоми, а човекот 23 чифта или 46 *xy*-хромозоми. Значи, мора да

дошло до повеќе случајни и истовремени мутации што би се сретнале и би се спариле и би се оплодиле по истоветен хромозомски код. Инаку, не доаѓа предвид оплодување на различни видови, а токму тие хромозоми ги разликуваат видовите.

Можете да речете и – што ме засега сето тоа. Мене, богами, ме засега.

Во познатиот експеримент со црви, оние луди научници докажале дека навистина треба да ме засега. Да ве потсетам, тоа е она кога научниците ги тренирале црвите со силна светлина и со електрошокови. Па ги исекле на парченца; па секое делче се регенерирало во нов црв (зашто тие го можат тоа); па секое ново црвче се плашело на ист начин. Тогаш научните типчиња во игра пуштиле некои нови, неистренирани црви; па овие дивјаци ги проголтале овие новајлииве и гледај! почнале исто да реагираат на светлосни и електродразби.

И што да мислам јас: кога секоја црвлива ќелија на помочаниот црв (иако фамилијата му се вика DUGESIA DOROTOCEPHALA) може да се сеќава на минатото со молекули на сеќавањето од изедената храна, зошто јас не би се сеќавала на гомнениците на моите предци (дури и кога тие се цивилизирани Европејци).

Анализирајќи ги своите нови предци, а само малку упростувајќи ја генетската мрежа, заклучив дека мојата мајка дошла на свет со некое вонвременско вкрстување на кнезот Милош и курвата Магда. А, што се однесува пак до мојот татко, за него сум сигурна дека е создаден со генетска ебачина на царот Веспазијан и кралицата Вилхелмина.





Супер.

Понекогаш ќе налетам на целосно несовпаѓање со племенската шифра и тогаш заклучувам дека сепак, отсекогаш, клепал кој кого ќе стигне. Тогаш лежам во темница и ме обзема оној одвратен анксиозен страв од ништо и не можам, ниту со помош на какви било трикови, да сконтам кој, кога и како ми ја втерал таа психо треска.

Господ вели: овој живот е само игра и забава, о луѓе, кога само би знаеле!

Па, го знаеме ние тоа, о драги Боже! И нашите психолози велат дека сите ние, речиси секогаш, играме некоја игра: животна, општествена, брачна, сексуална итн. Во принцип, секогаш се работи за тоа кој кого ќе победи, надмудри, надигра и над...

Што се однесува до мене, важно ми е да имам квалитетен изговор за секоја своја свинштина. Кога ќе ме фатат во расчекор, во секој миг можам да се вчудовидам со стандардниот муфљуски аргумент: што очекувавте од некој со вакво гадно блиско и далечно минато?! Според оваа своја особеност, совршено се вклопувам во општествената заедница која малку-малку, па вели: што очекувавте, добога брате, па штотуку излеговме од војна?!

Ништо!

Такви сме ти ние, велиме. Не сме ние како оние онаму, преку барата: толерантни, демократски и учтиви, братко, што е – е. Си видел ли ти некое наше селанче да му се топори на некого со атомска бомба, па после – кога ќе се соземе, вели: извини братко, не беше намерно. Sorry! Ај да те бакнам сега, како брат и – еве ти еден ланч пакет од

мене.

Дивјаци сме ти ние, сè ни е бадијала. Сосема мудро, некогаш порано, заклучила Десанка М. Дека ние сме ти земја на селани на ридестиот Балкан. Да бевме барем во рамница. Но, што се може. Отсекогаш знаеме дека сме никакви. Се сеќавам на поучната песничка што ја пеевме како деца.

Оваа луда глава, на неа расте трева.

Кој годе одел, на неа мочал.

Кој годе запрел, на неа се посрал.

Што може денес да се очекува од таквите деца? Или од оние воени инвалиди со дрвени нозе. Можеби да степуваат во ноќни клубови, додека во задснината девојки со гол газ се бесат на шипка? Човече, ние сме ти една земја напатена – кој годе одел, по неа мочал! Иако, и кога имаме потенцијал немаме иницијатива. Мала и поделена земја сме, но затоа имаме бројни претседатели. Кога, на пример, она парче српски претседател би имал малку повеќе деловен дух, не би увезувал девојки од странство за тие ноќни клубови по Сокоц, Лакташи, Србиња и Прњавор. Би ги употребил, како сиот напреден свет, прво своите сопствени производи. Што би му фалело да ги ангажира овие нашиве дрвеноноги да му степуваат! Ем би ја подигнал стапката на вработеност, ем со сопствен пример би покажал дека ја поддржува акцијата Купувајте и користете домашни производи!

Кога ти велам.

Впрочем, што ми е гајле! Имам доволно сопствени проблеми. Живеам во свет на негации и негатори. На никого повеќе не му е гајле за чудото на постоење само по себе.





Туку, ќе си седнат убаво писателите, ќе си го стават лаптопот во скут и измислуваат постоење на она никогаш што не било, а да даде Господ дека ќе биде во скоро време. Вистина, секој го има целиот свет во својата глава, па и јас во мојата, но не е во тоа финтата. Најдобрата реченица што воопшто сум ја прочитала во некоја книга гласи: – А што ако за сè ова ве лажам?!?

Сакате ли вие лага? Илјадници убави лажни зборови? Дали ви е сосема сеедно кога ќе слушнете дека Бакир се родил зашто Мујо и Фата спиеле? Ако е, тогаш вие можете да проголтате истото дејствие да ви се опише со исти зборови кога е во прашање животинскиот свет: ждребето доаѓа на свет откако коњот и кобилата спиеле. Или можеби водат љубов? Ние поетите сме ти чудна сорта. Умееме со зборови, а најчесто тоа е единственото што го умееме.

А заведените ги следат поетите.

Зар не знаеш дека тие во секоја долина блудничат

И дека го зборуваат она што не го прават...

Лажни предци, лажни зборови, лажни солзи... Само ножовите се вистинити. Тие секогаш некако ќе се провлечат: низ секоја песна, низ секој расказ, и го режат ли го режат вашиот длабок лимбичен состав во кој би требало да го составите и да го измиксирате сопственото доживување на светот со онаа приказна каков е светот кога се спие поради покултурно потомство, а не како некогаш – кога оние дивјаци... ммм, па види на што личиме ние. Никогаш повеќе, човеку, да не си... го правел она безобразното! Никако! Само спиј!

И не плаши се! Тоа што те мачи не е депресија! Само

те засега негирањето на сè живо. Јас, на пример, отсекогаш сум ја претпочитала волшебната приказна со штркот. Веројатно затоа останав трудна првата брачна ноќ, немајќи поим дека штркот не мора да присуствува на свеченото отворање на Суецкиот канал, а после девет месеци, кога низ истиот тој канал исплови бродот на морската шир на животот, гордо извикав: – Еве го, машала, машко!

Ете гледаш како убаво и културно се опишува чинот на зачнувањето. Додека има мајстори кои умеат со зборови, нема причина за грижа и страв. Сè е прекрасно, питомо, не штети.

Осврни се ти слободно на сите оние ајваноидни креатури од кои со актот на спиење си ги наследил своите мали мозоци и сетилни перверзии. Тоа е зад тебе, тоа е само пат по кој си стигнал до овде. Иако некој ќе ти каже поинаку, не се мери светот по изминатиот пат – туку по оној кој допрва треба да го минеш.



**Змиско легло**

Еднаш мајка ми ме зеде со себе во посета кај некоја своја квази роднина. Ексцентрична жена за која е премногу млако да се каже дека е само црна овца во својот род. Жената беше толку луда што и ден денес ме фаќа смртен страв од секој нејзин луд ген.

Значи, Земка Пиндура ја омажиле во шеснаесеттата година во село Клокотница за Мула Мустафа Ибчевиќ, наречен Кузман, стар шеесет и три години. Зошто ја омажиле, долга приказна, но во основа се сведува на младешка хистерија за која во тоа време не се знаело за подобар лек од тој да се фати во костец со стар ѓавол; колку поопак и поинтровертен – толку подобро. Земка Пиндура пораснала во беговско изобилие, а каде отишла, и најголемата питачка не би го сторила тоа и можеби попрво би се убила.

Јас уште од мала покажував склоност да си го пикам носот во оние ќошиња што нудат изобилство различности во однос на секојдневната, вообичаена перспектива: што се совпаѓаше со склоностите на мојата мајка, па не зачудува нејзината добра волја да ме земе со себе во посета на Земка Пиндура, која и самата ја имаше посетено само двапати пред тоа; сеедно, тоа беше рекорд во однос на другите соплеменици. Тогаш веќе бев средношколка, па мајка ми дојде до заклучок дека сум на прагот на возраста кога може да е од корист да се научи по нешто и за некои посложени форми на битисување.